428

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
СКОПЈЕ

ВЕНКО
МАРКОВСКИ

# ОГИНОТ

ВТОРО
ИЗДАНИЕ

СКОПЈЕ
1945

821.163.3-1 Инв. инв. бр. 428/70
стр. 28

ВЕНКО МАРКОВСКИ

# ОГИНОТ

ВТОРО ИЗДАНИЕ

СКОПЈЕ 1946

# Р А Н И …

I

Уште не те сретнав
Паметот ми летна
по тебе!

Де мори, Гроздано, -
грозје ле небрано
на лоза!

А кога те видов,
от векот отидов
пред време!

Беше како зора
над ајдушка гора
спуштена!

Таа коса – свила
низ рамо се слила
до поас!

Тие очи-пламен,
чуден ељмаз-камен
под веги!

Таа снага бела,
стројна-змиа цела
на тебе!

Многу цвет ке гориш,
Многу свет ке сториш
улави!

Сред ц'фнала младос
ке тлеат без радос
лен и плен!

А пак белобради
ке цепат и гради
ката ден!

Де мори, Гроздано –
грозје ле небрано
на лоза!

II

Не мини, мори, невен - Невено,
по таа доба - памет ми фрка,
срце ми прка;
а силна тага по фидан - снага
от нокј ме пие,
а гроб ќе ме свие
без време!

Да можев, мори, цвет ке те сторев
да красиш моми-момци да косиш–
тага да носиш;
та како мене и друг да вене
без капка сладос
сред огин-младос
по тебе!

Не сум ли, мори, лика за тебе
на вова злато? Земи ме мори,
векот ке гори,
а момu бели-за приказ цели-
от јад ке пукнат,
от ум ке штукнат
до една !...

III

- Ти немаш пари...
На вова време кој ке те земе?
И ангел да си, цел век да красиш –
лице ке згине, младос ке мине,
а една вечер, штом глад те фане,
колеш ке стане!

Пред тебе стари
Со брчки сума у лице-чуми,
сред момци бујни, крај моми рујни
пролет ке цветат-солнце ке светат,
А ти за приказ сал ке сс криеш,
жолчки ке пиеш!

От род си била?
И уште чесна и многу свесна,
и платно ткаеш, и ропски траеш...
Кому ли требе това от тебе?
И резил биди, и конџул стара-
имај сал пара!

Ти немаш сила,
ни чес ти чинат. Крау тебе минат,
и танец виат и раци миат,
шуга и дуга-болно и долно;
а ти да пукнеш от мака жива-
змиа се свива!

- И ти ли викаш?
А триста жени до сега мениш,
ти смрди здиот, от гној си сиот.
Што да е болес цвети на тебе,
ти капат меса- на живот гниеш
френгуз те пие!

О, проклет да си!
Со кое лице пред мене стоиш?
Ти човек не си... У гроб си влелгол...
Поглеј се само: земња си станал...
И ти ли викаш, и ти ли сакаш?
О, пусти пари!...

## НАРОДНИОТ РАБОТНИК ...

Век се ежи,
грев ли тежи
над земња?

Камењ пука,
змиа клука
по лице.

Јаде - суши
крв - студ души
сред лето.

Не се седи,
клетви реди
времето!

Само еден
старец беден
застанал…

Срце пара –
гусла стара
расплакал.

Нема дреа,
нити стреа
над него...

Коса цела
побелела
от мисла!

А от зори
глад го мори
секогаш!

Кај не одел?
Чета водел
цел живот! ...

Здравје сеал
и крв леал
за народ.

Имал крила
и бил сила
јунашка.

Младос рујна
в гора бујна
изабил

... А пак сега -
секој бега
от него...

Стар е веке
Страшни плекја
папсале.

Приатели
јуди цели
станале.

Свири-пее,
солзи лее
на старос.

Гусла пишти,
јад го тишти

на душа.

Народ мине,
срце кине
　　　　　　　　　　от мака...

Вке се ежи,
а грев тежи
　　　　　　　　над земја!...

## Б Р А Т О У Б И Е Ц

Не на добро бухал јачи
сред ајдушки гори;
не за радос дремка мачи
јунак в темни зори!

Танок-висок, есмер глава,
в гради срце бие;
бомби - пламењ, кама здрава
в поас шарен крие.

Пушка-куса маликера
место зглавје ставил…
Нема јунак на свет вера
в кепчен цел се завил!

Како легнал-сон го стегнал,
многу чудно сонил;
и от радос в машка младос
жешки солзи ронил.

На сред село пукот врие,
момци кршат снага;
стара мајка танец вие,
пред кукјните прагој.

Свадба прави-жени сина,
седеф-зурли свират:

старо-младо точат вина
векот свет се збират!

Уште јунак не досонил,
в гора нешто шушна;
гора бујна лис одрони,
силен страв ја гушна!

... Иде крвник - арамиа,
в раци стиснал пушка...
Гази скришно, како змиа,
сред гора ајдушка!

Крвник станал, а до чера
биле верни бракја;
за пус алтан менил вера--
луто тој ке вракја!

Право мери в машки гради –
решил да го свие,
без да трепне и нож вади,
кога јунак спие!

... Пушка пукна... Крвник штукна...
в крв се јунак стопи,…
Нити врисна...заби стисна,
силни очи склопи!

... Се е мртво... Гора жали…
Јунак у крв лежи...
Тажен месец свекја пали-
грев над цел свет тежи!

Само ноке - доба глува,
в гора глас се слуша:
некој вие клетва сува,
в солзи топи душа...

Мајка пуста-в две се свила,
от жал срце кине
Ропско лице забрадила...
Над него ке згине...

# П А Т Р И О Т

на Зафира и на Спира

На овој тажен век
сал еден видов кот...
От бубакј е по-мек –
се вика патриот...
За народ душа бере,
а народ вечно дере,
и в гради сал се бие,
и свето лице крие
опретано у крв!

И пости секој пос,
и оди гол и бос,
и нема празник тој
до олтар да не стој...
Со радос свеки пали,
от срце мртви жали
и ропски Бога слуша
низ вера чисти душа
и лази како црв!

За борец мине стар...
На јунак носи крв...
А крепи секој цар
И сегде тој е прв:
и солзи кога рони,

и народ кога гони.
А пушка штом ке пукне,
у црна тој ке шукне
от страв за живот мил.

И станал божјак цел...,
И здрав е како дрен...
От довлет побелел
и затрал лен и плен.
Тој гори в мака жива
за пара снага свива,
а златни кукји има
и сува пара зима…
И уше кај не бил !...

И е от чесен сој
И скромен мегју свој...
И ведне глава, знам,
до земња от црн „срам"
А чека клет от пладне
со душа! мрак да падне,
да згрее машки гради
крај фидан жени млади
от сите тој нај-прв!

На овој тажен век
сал еден видов кот...
От бубакј е по-мек –
се вика патриот...
Тој носи божја душа,
а тоне в грев до гуша,
и в гради сал се чука,
и в шеги народ клука,
и плива цел у крв!...

## Н А  М Е А Н А

От нокј пуста народ слетал меана
дал от сефа, ел  от мака голема?
Еј ги:  млади, белобради лен и плен -
пиат, пеат солзи леат ката ден!

Старци бледи снага мачна превиле,
момци огин в росна младос развиле;
старци траат в рани чмаат крвави...
Момци кршат, пакос вршат в пијанство.

Тешко време... Скотски живот настанал
Земња ропска у крв цела пливнала...
Тиран мори народ гори на нога
а свет гладен-за леб страден-пропитал...

Еј донеси вино старо, крчмару,
та да пукне срце машко пијанство!...
Срам ме јаде, век ми крвав дотегнал...
Не се трпи, ни се крпи  црн  живот!...

Да не гледам резил, леле, пред очи:
како момци в огин - младос-лен и плен
пиат-пеат - сила сеат ката ден
а цел народ в рани стенка поробен.

## А Ј Д У Ш К О   Л И Б Е

- Проштавај, либе, елен-Еленко,
утре ке тргнам в гори пред зори,
не можам либе црн да црнеам,
ни в машка младос роб да робуам!

Ако ти, либе, грешка прегрешив
не реди, леле, клетви проклети
и млада в младос вени по мене -
друга ке најдеш лика прилика.

Се живо либе пушка фало,
старо и младо на нож станало;
ни в земња црна мртви мртвеат,
ни в ропство срамно живи живеат.

Јуаци бујни в гора светнале.
за народ на нож ене летнале;
на рамо носат глави пргави,
а в гради срце пламењ пламнало!

Сред нив ке бидам елен-Еленко,
очи ке полнам в младос от радос,
срце ке топам машко- јунашко,
ке носам, леле, пушка-ајдушка! -

- Не зборуј, либе, изгор-изгоро,
тргна ли-тргам и ја со тебе.
Не ке те, либе, в борба посрамам:
в јунашко време сум се родила!

Проклет ме куршум, либе, не факја,
две глави носам, леле на рамо,
две срца биат в гради ранети:
едноза народ, друго за тебе!

## Ч О Р Б А Д Ж И  СПИРО

- А што ти се, кардаш Спиро, лице потемнело,
потемнело, чорбаџио дури огрдело?
Руба имаш, пари-векот, жена-солнце сјае,
а дал Господ народ-кјоле в јарем вечно трае.

Дали болес - кардаш Спиро, те на нога суши?
Дали спомен-рана жива те от зори души?
Дали  мисли-огин силни, те на живот пиат?
Ели мајки-црни гламњи, суви клетви виат?

Црква одиш - свекји палиш, грев ли тежок стори?
Ропски служиш-цара фалиш, лош ли враг те мори!
Мед и масло делник-празник, пуста душа раниш,
а от полнокј гости-змии в царска кукја каниш!

„Страв ме гони, ум ми штука, век ми тесен стана,
Гроб се рони,-смок ме шмука, срце копа рана,
Ја погледај, млад јунаку земња у крв плива,
а лут народ дене - ноке наши глави свива...

Л Е А Р И Т Е

Еј  гола снага веке свиле,
а гради вриат полни јад;
на живот очи в гроб се скриле.
а младос гине в крвав глад!

И везден носат кофи тешки,
и леат в калап огин-бронз;
и пука кожа рани жешки,
и пагјат клепки в морен сон!

У огин силен живи горат,
се топи снага како снег;
от темна нокј за леб се борат,
солзи мине тежок век,

И колку уште така леат,
и в младос вриат полни јад,
и колку уште в маки тлеат
и гинат вечно а крвав глад!...

## П Р О Т А Т А

- Кажи, прото црна стио,
црна стио-арамио,
в која доба Бога мамиш,
Бога мамиш-црква срамиш?

Што си толку бел и црвен,
бел и црвен, многу крвен,
кога цел свет сув се суши,
сув се суши, глад го души?

Дали вера крепи старос,
крепи старос-пуста аро?
Ели надеш врти душа,
врти душа полни гуша?

-Да ти кажам, божи сине
в чудна приказ живот мине,
образ пукнал-цела пролет,
векот тргнал в силна довлет!

Народ сушам-црква крадам,
причес пиам-пилци јадам
слатко-благо душа гостам,
Бога лажам-пос не постам.

Голем светец пред свет криам
а со скронос народ мамам,
млади жени в кеф да свиам
ни пред олтар не се срамам!

## А М А Л О Т

По студ и по жега и по ветер клет
без ум и без душа брза на крај свет...
Гол и бос и болен-сесвилу две цел..
А млад в прва младос от глад потемел.

Нема сила в него. Срце в клопче збрал
нози не го крепат-от три дни не јал;
а под тежок самар снага-рана свил,
и без корка сува челад оставил...

Силни мисли денје вртат го на снег
лоши сништа ноке држат го на штрек;
како улав трча по мраз и по дожд,
а се вракја вечно без леб и без грош...

Отров в душа таи-а на срце јад,
цело лгице в брчки-в очи зинал глад...
От нојк темна тргнал.. на грб самар свил,
тој не знае младос, ни млад кога бил.

Пладе комај дошло...уште грош не зел,
свират празни црва--лимонј пожолтел,
коса му се крева настане ли мрак
без леб, како чера, ке се врати пак!

А три дена племња без леб оставил,
от три дена челад страшен глад ја свил;
пиштат деца дробни, јачи сиот град,
жена луто колне, полна жолч и јад...

Еј нокј страшна иде. . . Темен пагја мрак,
жена пуста чека досам тажен праг;
деца глави скриле от страв в мајкин скут.
А лош ветер вие и крв сече студ!

..............................................................
..............................................................
..............................................................
..............................................................

И ке колне вечно по тој кобен час,
и ке чека вечно да му чуе глас...
Него никој нема да го види пак:
на пат таа вечер го свил крвав мрак.

## Ж Е Т В А Р И Т Е

Сред јулска жега, от темни зори
на припек-нива превиле грб,
солнце-огин над земња гори
и светка змиа-наточен срп -!

Ни парче руба на машка снага,
на лично лице ни капка крв,
на страдна душа се свила тага,
на бујна младос ја заал црв!

На изгор-нива по цел ден жниат
и песни пеат на тажен глас;
а зоврел мозок, сал оцет пиат,
и глад ги свива над буен- клас...

А солнце-огин до рана гори,
се топи камен под силен пек.
А нигде сенка; от темни зори
сал тие стоат сред вивнат век...

Пот врне врела от бледи чела,
и  пука кожа на ропски грб,
со глад се борат, за корка горат,
крај алтан-жито и змиа-срп!...

И в борба стахшна цел народ врие,
еј фрла јарем наежен роб,
а срце машко на колеш бие
и ред свој чека пред зинат гроб!

И нема веке от темни зори
сред јулска жега да свиват грб;
и нема веке глад да ги мори
крај алтан-жито и змиа-срп...

А солнце-огин на приек-нива
ке крши снага вад буен клас,
ке светат очи от радос жива,
ке пее народ на весел глас...

## О Г И Н О Т

На борба, машко племе,
за радос светнал ден!
Пред нас е ново време,
зад нас е народ-дрен!

Се живо в огин гори -
се крева ропски мрак;
за слобода се бори-
ке светне мајкин праг!

У дим се пусти села,
се лее крв низ град...
Еј светат бујни чела...
На нож е стар и млад!

Со песни борци гинат,
се свива тиран клет,
низ дим и огин минат-
на сегде вивнал свет!

На борба, силно племе,
над ропство грее ден!
Пред нас е ново време,
зад нас е народ-дрен!